Влада на Република Северна Македонија

<u>Н А Ц Р Т</u>

# З А П И С Н И К
од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 декември 2024 година

Скопје, декември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2024 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Гоце Димовски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, д-р Здравко Трајанов, директор на Јавното претпријатие „Национални шуми“ – Скопје и м-р Бобан Николовски, директор на Царинска управа.

На седницата не присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 септември 2024 година

- Усвојување на Записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2024 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија

2. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје (Имотен лист бр.9, КО Битола 5, КП бр.451)

3. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје (Имотен лист бр.26860, КО Битола 1/2, КП бр.17959 – нова КП бр.17595/286)

4. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, У.бр.-254/23

6. Информација за потребата за доделување на деловен простор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука

7. Информација за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал, пиротехничарите и за помошно - техничките лица вработени во Дирекција за заштита и спасување, со Предлог -одлука

8. Предлог-одлука за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма со Финансиски план за 2024 година, на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2024 година

10. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип)

11. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија)

12. Деловен и Финансиски извештај за 2022 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со дополнување кон Деловниот извештај, со Ревизорски извештај

13. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, за 2025 година

14. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, за 2025 година

15. Информација за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. - Скопје, со Предлог - одлука

16. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и четврта одлука)

17. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и петта одлука)

18. Предлог-тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини

19. Информација за заемот за проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“

20. Информација за распишување на Јавен повик бр.01/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост над 3 хектари, со Предлог - решение

21. Информација за распишување на Јавен повик бр.01/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог – решение

22. Информација за распишување на Јавен повик бр.02/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог - решение

23. Информација за распишување на Јавен повик бр.03/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

24. Информација за распишување на Јавен повик бр.04/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение

25. Информација за Предлог-Анекс Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Кромберг & Шуберт Македонија Бт ДООЕЛ Битола

26. Информација со Предлог-концепт за организација на Ресурсен центар за поддршка на општините

27. Информација за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение

28. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

29. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

30. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на интерресорска група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025 година)

31. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

32. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка повеќекратна влезна британска, американска или канадска виза

33. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Хашемитско Кралство Јордан, со седиште во Аман

34. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Хашемитско Кралство Јордан, со седиште во Аман

35. Предлог на закон за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите

36. Предлог на закон за изменување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

37. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2024 година

38. Предлог-програма за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2024 година

39. Предлог-програма за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2024 година

40. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2024 година

41. Предлог-програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2024 година

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2024 година

43. Предлог-програма за изменување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2024 година

44. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство и трговија Сино био ДОО експорт - импорт Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

45. Информација за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година, со Предлог-одлука

46. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународна политика“ на Правен факултет во Кичево, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со Предлог-решение

47. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

49. Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската управа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

50. Иницијатива од д-р Леонид Трпеноски, адвокат во Адвокатско друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.220/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 35 став 2 во делот „од членот 33 став (1) на овој закон“, член 58 став 2, член 59 став 2, член 66 став 2, член 88 став 6, член 93 став 1 во делот „најдоцна до завршувањето на истражната постапка“ и член 111 став 2 во делот „став (1 )“ од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)

51. Иницијатива поднесена од д-р Леонид Трпеноски, адвокат од Адвокатското друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.225/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 450, член 454 став 3 во делот „или предметот да се врати во состојба на истражна постапка, односно да се спроведе истражна постапка ако ја немало“, член 456 став 1 во делот „членот 364 од“ и став 3 во делот „а може да определи предметот да се врати во состојба на истражна постапка, односно да се спроведе истражна постапка ако ја немало“, член 468 во делот „„489“, член 475 став 8, член 479 став 2 во делот „е пропишана парична казна или казна затвор до три години, ако обвинетиот не дојде на главната расправа, иако уредно е повикан или поканата не можела да се врачи поради очигледно одбегнување на обвинетиот да ја прими поканата, судот може да одлучи главната расправа да се одржи без неговото присуство. За останатите кривични дела за кои“, член 481 став 4 во делот „2“, член 499 став 3 во делот „во смисла на членот 501 став (2) од овој закон“, член 500 став 5 во делот „и 482“ од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)

52. Иницијатива од д-р Леонид Трпеноски, адвокат од Адвокатското друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.224/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 366 втора реченица, член 376 став (3) во делот „јавниот обвинител или", член 393 став (2) во делот „обвинетиот во текот на главната расправа во заседанието стори кривично дело или ако", член 426 став (4) во делот „став (3)", член 435 став (3) во деловите „овите" од зборот „членовите“ и „и 175 ставови (1) и (5)", член 439 став (3) во делот „на членот 435", член 448 став 2 втора реченица и член 449 став (1) точка 1 во делот „односно толкувачот" и став (2) во делот „и 3“ од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)

53. Иницијатива од д-р Леонид Трпеноски, адвокат од Адвокатското друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.223/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/16), а за дел од тие одредби, конкретно за член 345 став 3, член 350 став 3 во делот „кога странките и оштетениот присуствуваат на испитување ги имаат правата од член 219 став 7 на овој закон“, член 355 став 2 во делот „од член 353 став 2 на овој закон“, член 357 став 1 во делот „од членот 26 на овој закон“, член 361 став 3 во делот „а на бранителот, односно полномошникот ќе му се нареди да ги плати трошоците што настанале од прекинот или одложувањето“, член 362 ставови 1 и 2, став 3 во делот „Овој записник ќе го потпише испитаниот сведок, односно вештак“ и став 4 и член 364 став 1 во делот „кој е уредно повикан, а не го известил судот за причините за својата спреченост, ќе се казни со парична казна предвидена во член 89 од овој закон“, коишто се оспоруваат во дел, е оформен предмет У.бр. 223/2024

54. Иницијатива од д-р Леонид Трпеноски, адвокат во Адвокатско друштво Трпеноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.226/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), а за дел од тие одредби, конкретно член 502 став 1 , член 506 став 6, член 508 став 2, член 509 став 2, член 517 став 1, член 535 став 1, член 539, член 551 став 2 и член 556, коишто се оспоруваат во дел, е оформен и предметот У.бр.226/2024

55. Иницијатива од Адвокатско друштво Трпеноски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.221/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе членови меѓу кои и на член 118 став 1 во делот „според одредбите со кои се регулира извршувањето", член 120 став 1 во делот „според одредбите што важат за извршувањето", член 130 став 3 во делот „тече од денот на достава на обвинетиот. Ако на обвинетиот му е изречена мерка притвор или е на издржување на казна затвор, рокот", член 143 став 1, член 151, член 153 став 1 алинеја 1 во делот „не дојде на уредно доставената покана и за тоа не го оправда изостанокот", член 184, член 193 став 2 во делот „Ако во домот е извршен и претрес тогаш ќе се состави записник во согласност со членот 192 од овој закон кој мора да ги содржи причините за претрес без наредба." и став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)

56. Иницијатива поднесена од Александра Илиева Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.253/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 72 став 1 во делот „само судијата, односно претседателот на судот за кого е поведена постапката за утврдување на одговорност" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19)

57. Иницијатива поднесена од Ѓорѓи Андонов од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.250/2024, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21), член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23)

58. Иницијатива од Филип Стојковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.235/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 265 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24)

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

61. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2023 година, со прилог

62. Информација за тековните предмети пред Европскиот суд за човекови права против Република Бугарија

63. Информација за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Програмата на развој на Обединетите нации (УНДП) и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со текст на Меморандум

64. Информација за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2024 година

65. Информација за состојбата со испораката на водата за наводнување на водокорисникот М-Шест аграр ДООЕЛ Скопје и степенот на изградбата на цевководот до езеро Младост, со прилози

66. Извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2023 година

67. Извештај за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (период 27 јануари 2024 година-27 јули 2024 година)

68. Извештај за реализацијата на Судскиот буџет за 2023 година

69. Анализа за проценка на економската и функционалната оправданост на реализација на проектите од Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21) и Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/23)

70. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2025 година(*)

71. Информација во врска со склучување на Анекс бр.2 кон Спогодбата за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем, каде Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2025 година

72. Информација за потребата од овластување на потполковник Смиљан Јурдана, висок штабен офицер во воениот оддел при дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО и Европската Унија во Брисел, Кралство Белгија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу министерот за Национална одбрана на Кралството Белгија, Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Република Франција, министерот за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Република Грција, Министерството за надворешни работи на Исланд, министерот за одбрана на Република Италија, Министерството за одбрана на Големото војводство Луксембург, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, Министерството за одбрана на Република Португалија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за Национална одбрана на Република Туркије, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Министерството за одбрана на Република Полска, Министерството за одбрана на Република Естонија, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за одбрана на Република Литванија, Министерството за одбрана на Република Чешка, Министерството за одбрана на Република Словачка, Министерството за одбрана на Република Унгарија, Министерството за одбрана на Република Романија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Министерството за одбрана на Република Словенија, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Министерството за одбрана на Република Албанија, Министерството за одбрана на Република Црна Гора, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана на Владата на Австралија, Министерството за одбрана на Владата на Нов Зеланд, Министерството за одбрана на Република Швајцарија, Министерството за одбрана на Република Австрија, Министерството за одбрана на Република Финска, Министерството за одбрана на Кралството Шведска, Министерството за одбрана на Владата на Израел, Министерството за одбрана на Владата на Јапонија, Министерството за одбрана на Република Јужна Кореја и Министерството за одбрана на Соединетите Американски држави, во врска со системот за глобално позиционирање (NAVSTARV), со усогласен текст на Меморандум

73. Предлог-програма за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2025 година

74. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижни ствари

75. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2024 година

76. Одлука за отпис на камата на должникот Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, по Барање за ослободување од законска казнена камата, со прилози и Предлог – одлука

77. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка

78. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година

79. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка

80. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2023 година, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати

81. Предлог-уредба за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis)(*)

82. Предлог- одлука за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година

83. Информација за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај домашни комерцијални банки

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 септември 2024 година, Записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2024 година, Записникот од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година, Записникот од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година и Записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, со заклучок влегувањето во сила на Одлуката да биде со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје (Имотен лист бр.9, КО Битола 5, КП бр.451) (усогласена со Агенцијата за катастар на недвижности).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје (Имотен лист бр.26860, КО Битола 1/2, КП бр.17959 – нова КП бр.17595/286) (усогласена со Агенцијата за катастар на недвижности).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.-254/23.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за доделување на деловен простор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал, пиротехничарите и за помошно-техничките лица вработени во Дирекција за заштита и спасување, со Предлог-одлука, поради потребата од докомплетирање и доусогласување на материјалот и истиот да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма со Финансиски план за 2024 година, на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**Точка 9**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2024 година.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип).

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија).

**Точка 12**

Владата ги разгледа и ги усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2022 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со дополнување кон Деловниот извештај, со Ревизорски извештај.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, за 2025 година.

Истовремено, Владата му препорачува на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста за обезбедување на бесплатен пристап на медиумите и новинарите до изданијата на Службениот весник во електронска форма.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, за 2025 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. - Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје.

Истовремено, се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје да подготви и за некоја од наредните седници на Владата да достави информација со анализа на податоци за вкупниот број на лица кои се вработени како дрвосечачи во претпријатието и нивниот моментален ангажман, број на дрвосечачи кои ќе бидат потребни во иднина, како и потребни средства за нивно ангажирање, средства за набавка на ХДЗ заштитна опрема и дополнителни алати за работа на дрвосечачите.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и четврта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и петта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата го донесе Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за заемот за проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје", поради потребата од дополнителни анализи.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.01/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост над 3 хектари, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини над 3 хектари.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.01/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.02/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.03/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за распишување на Јавен повик бр.04/24 за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари.

**Точка 25**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за Предлог - Анекс Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Кромберг & Шуберт Македонија Бт ДООЕЛ Битола.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-концепт за организација на Ресурсен центар за поддршка на општините и заклучи предлог-заклучоците да се усогласат со Министерството за финансии.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, раководител на сектор во Министерството за одбрана.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на интер-ресорска група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025 година).

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка повеќекратна влезна британска, американска или канадска виза.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Хашемитско Кралство Јордан, со седиште во Аман.

**Точка 34**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Хашемитско Кралство Јордан, со седиште во Аман.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерство за социјална политика, демографија и млади и Јасмина Иванова, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јасмина Иванова, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2024 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2024 година.

**Точка 39**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2024 година.

**Точка 41**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 42**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2024 година.

**Точка 43**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство и трговија Сино био ДОО експорт - импорт Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство и трговија Сино био ДОО експорт - импорт Скопје.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународна политика" на Правен факултет во Кичево, при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународна политика" на Правен факултет во Кичево, при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола.

## Точка 47

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата Министерството за економија и труд во соработка со Министерството за финансии и Министерството за социјална политика, демографија и млади да достави заедничко (обединето) мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на Економско - социјалниот совет.

## Точка 48

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага ослободување од плаќање на данок на додадена вредност врз прометот и увозот на основните производи за човечка исхрана.

Даночните ослободувања во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99...198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19...199/23...во понатамошниот текст ЗДДВ) се пропишани согласно членовите 23 и 24 од ЗДДВ, односно согласно членот 23 се пропишани даночни ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок, додека согласно членот 24 се пропишани даночни ослободувања во земјата со право на одбивка на претходниот данок.

Во однос на одредбата од член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи наведува дека со фактот што казнената камата ќе престанела да тече, се намалувал имотот на доверителот во корист на должникот, дека казнената камата ја досудувале судовите како приход на доверителите поради задоцнување на должниците и како еден вид пенализација на должниците и истата се пресудувала до конечната исплата, а сега со оспорениот член се менувале судските пресуди, односно казнената камата ќе престанела да тече кога ќе го достигне износот на главнината, што не било во согласност со член 30 став 1 и став 3, член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 6 и член 9 став 2 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на оспорената одредба од член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, подносителот наведува дека со наведената одредба се намалувал имотот на доверителот во корист на должникот затоа што каматата извирала од главниот долг кој бил имот на доверителот исто како и каматата, што било во спротивност со член 30 став 1 и став 3, член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 6 и член 9 став 2 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наведените одредби, се укажува дека законските решенија не се изготвени и предложени од Владата на Република Северна Македонија, туку се предложени од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Воедно, се укажува дека во однос на оспорената одредба од член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, истата била предмет на оцена на уставноста од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија, кој има донесено Решение У.бр.114/2023, У.бр.115/2023, У.бр.117/2023, У.бр.118/2023, У.бр.123/2023, У.бр.126/2023, У.бр.127/2023, У.бр.130/2023, У.бр.133/2023, У.бр.134/2023, У.бр.137/2023, У.бр.141/2023, У.бр.160/2023, У.бр.188/2023 и У.бр.194/2023 од 10 јануари 2024 година, со кои е утврдено дека не поведува постапка за оцена на уставноста на оваа законска одредба. Воедно, со Решение У.бр.129/2023 и У.бр.132/2023 од 7.2.2024 година, исто така, одлучено е дека не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23) и отфрлени се иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 од законот од причина што за истата работа веќе одлучувал и нема основ за поинакво одлучување.

Имајќи го предвид изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 1 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23) се во согласност со член член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 6, член 9 став 2, 30 став 1 и став 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие членови од законите.

<u>**Точка 58**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Филип Стојковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.235/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 265 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува различни броеви на членови, ставови и точки од Законот за здравствената заштита, кои ги оспорува, но од содржината на Иницијативата е јасно дека подносителот на Иницијативата всушност ја оспорува уставноста на член 256 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), која гласи: „4) донесува акт за утврдување на минималните цени на приватните здравствени услуги, односно услугите кои пациентите ги плаќаат со лични средства;“.

Имено, членот 265 став (1) точка 3 во Законот за здравствената заштита, како што е наведено на некои места во Иницијативата, во Законот за здравствената заштита не постои, бидејќи членот 265 во ставот (1) нема воопшто точки, ниту пак текстот на одредбата од овој член, која е цитирана во Иницијативата, не одговара на текстот на одредба од членот 265 став (1) точка 3, туку на одредбата од членот 256 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита.

Според подносителот на Иницијативата согласно член 256 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), се повредени член 8 став (1) алинеја 3, член 9 став (1), член 39 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија „...на начин што со утврдувањето на минимални цени на приватните здравствени услуги се забранува пружање/овозможување на услуги по цена пониска од минимално определената“.

Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека согласно член 47 став (1) од Законот за здравствената заштита, е предвидено дека цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство, имајќи ги предвид трошоците за услугата на здравствените работници, односно тимовите кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестициско одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лековите и медицинските потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата и на тој начин приватните здравствени установи се должни да работат согласно утврдените минимални референтни цени од страна на Собранието на Комората, додека јавните здравствени установи ќе работат со ценовник кој ќе го определи министерот.

Согласно претходното, според подносителот на Иницијативата не само граѓаните што нема да бидат еднакви во слободите и правата туку и јавните и приватните здравствени установи не се еднакви во положбата, со што истовремено се повредува и правото на слобода на пазарот и претприемништвото.

При одлучувањето по Иницијативата треба да се има предвид негативното Мислење на Министерството за здравство во врска со измените на Законот за здравствена заштита, поднесени од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со кои беше додадена оспорената точка 4 во членот 256 став (1) од

Законот за здравствената заштита, кое беше доставено до Владата на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Имено, со членот 47 став (1) од Законот за здравствената заштита е предвидено дека цените на здравствените услуги во јавните здравствени установи за пациенти кои услугите ги плаќаат со лични средства, на барање на јавната здравствена установа ги утврдува министерот за здравство со посебен акт, по претходно прибавено мислење од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Со член 44-а став (3) од Законот за здравствената заштита утврдено е дека за здравствените услуги што се даваат на странци се наплаќа според ценовникот донесен од директорот на јавната здравствена установа, на кој согласност дава министерот за здравство.

Во членот 222 став (10) од Законот за здравствената заштита пропишано е дека ценовникот и начинот на вршење на дополнителната дејност во јавната здравствена установа во која се укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност ги утврдува директорот на јавната здравствена установа, во согласност со министерот за здравство, а во ставот (11) е наведено дека ценовникот и начинот на вршењето на дополнителната дејност во приватната здравствена установа во која се укажуваат здравствени услуги, како дополнителна дејност, ги утврдува директорот на приватната здравствена установа.

Во услови кога со цитираните одредби во Законот за здравствената заштита веќе е предвидена постапката за донесување на цени на здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, здравствените услуги за странци кои самите ги намируваат трошоците за лекување, во јавните здравствени установи и во здравствените установи кои се во мрежата на здравствени установи, како и цените на здравствените услуги во дополнителна дејност во јавните и приватните здравствени установи, одредбата со која се предвидува законска надлежност коморите да донесуваат акт за утврдување на минимални цени на здравствени услуги е во спротивност со останатите одредби на Законот.

При ова секако треба да се има предвид и дека согласно член 9 став (2) од Законот за здравственото осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ги обезбедува основните здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи утврдени во мрежата на здравствени установи, во која се врши здравствената дејност, согласно прописите од областа на здравствената заштита, во висина на утврдени цени со општ акт на Фондот, на кој министерот за здравство дава согласност.

Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе Мислење бр.03-104/3 од 15.4.2024 година, врз основа на член 28 став (5) и став (10) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), дека со донесувањето на измените на Законот за здравствената заштита со која се додава нова точка 4) во член 256 став (1) од Законот за здравствената заштита, со која е определено дека Собранието на Лекарската

комора, Стоматолошката комора и Фармацевтската комора донесува акт за утврдување на минималните цени на приватните здравствени установи, односно услугите кои пациентите ги плаќаат со лични средства, се врши ограничување на конкуренцијата.

Во Иницијативата е доставен и предлог за определување на времена мерка, при што повторно се забележува дека подносителот на Иницијативата упатува на членот 265 став (1) точка 3 во Законот за здравствената заштита, кој не постои, бидејќи членот 265 во ставот (1) нема воопшто точки, ниту пак од образложението на предлогот за определување на времена мерка произлегува дека се однесува на одредбата од членот 265 став (1) точка 3, туку е јасно дека и времената мерка се однесува на одредбата од членот 256 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита.

Во однос на предлогот за определување на времена мерка содржан во предметната Иницијатива, треба да се има предвид дека Стоматолошката комора на Македонија, согласно оспорената одредба, веќе има донесено Ценовник со кој се утврдени минималните цени на приватните здравствени услуги, со што станува реална можноста од настанување на штетни последици за пациентите кои треба услугите да ги платат согласно утврдените ценовници за минимални цени на приватните здравствени услуги, а кои цени без ценовниците може да бидат и пониски.

Имајќи го предвид горенаведеното, нема правни аргументи во однос на предлогот за определување на времена мерка содржана во Иницијативата од Филип Стојковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.235/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 265 став (1) точка 4 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) со кој подносителот на Иницијативата бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги запре од извршување поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на член 256 став (1) точка 4 од Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24).

**Точка 59**

**1.** Владата на Република Северна Македонија врз основа на член 158-ѓ став (3) од Законот за супервизија на осигурување заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за претседател и членови на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување да ја именува Ели Дракуловска, за претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување Александра Дранговска и Горан Здравковски за професионално ангажирани

членови, со полно работно време и Бобан Пановски за непрофесионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определуваат м-р Гордана Димитриевска – Кочоска, министер за финансии и д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии.

**2.** Владата го разреши Екрем Зендели од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

**3.** Владата го именува Фисник Мела за вршител на должноста заменик на директорот на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за утврдување на плата.

**4.** Владата ја именува Весела Честоева за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам, досегашен вршител на должноста директор на Управата и истовремено и утврди коефициент за утврдување на плата.

**5.** Владата го именува Сашо Клековски за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

**6.** Владата го именува Бранко Аџигогов за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

**7.** Владата од должноста истражители на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти ги разреши:

- Роберт Малезански и
- Зоранчо Михајлов

**7.1** Владата за истражители на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти ги именува:

- Зоран Велковски и
- Никола Давидов

и истовремено им утврди коефициент за пресметување на плата.

Именуваните од точка 2 од решението функцијата ќе започнат да ја вршат сметано од 1 јануари 2025 година.

**8.** Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево ги именува:

- Трајче Степаноски
- Маја Сиљаноска
- Лирим Бајрами
- Арта Садику
- Леоне Станишоски
- Александар Димитров
- Ирена Ололоска

**8.1** Владата на досегашните вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево Трајче Стефаноски Маја Сиљаноска, Лирим Бајрами, Арта Садику, Леоне Станишоски, Александар Димитров и Ирена Ололоска им утврди престанок на мандатот согласно закон.

**9.** Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево ги именува:

- Драгољуб Мицкоски
- Владимир Лазески
- Александар Трајкоски

**9.1** Владата на досегашните вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиско работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево, Александар Трајкоски, Александра Аврамоска и Драгољуб Мицкоски им утврди престанок на мандатот согласно закон.

**10.** Владата го разреши Абдулфета Фетаи од должноста вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

Именуваниот функцијата вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука, ќе ја врши заклучно со 31 декември 2024 година.

**10.1** Владата ја именува Милка Тримчевска за вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

Именуваната функцијата вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука, ќе започне да ја врши сметано од 1 јануари 2025 година.

**11.** Владата заклучи да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на 2 (два) члена на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## Точка 60

**1.** Владата заклучи Информацијата во врска со номинирање на национален координатор за имплементација на Стратегијата за Роми 2022-2030 и национална контакт-точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на Регионалната иницијатива за интеграција на Роми 2020-2030, формирање на национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и Предлог за ревидирање и измена на Стратегијата за инклузија на Ромите 2020-2030 и Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

**2.** Владата ги задолжи сите министерства кои во својот состав имаат инспекторати, веднаш да ги усогласат своите матични закони со Законот за инспекциски надзор, по неговото објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

**3.** Владата, по повод укажувањето на м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, а во врска со потребата за обезбедување на техничка опрема со тим од Армијата на Република Северна Македонија, за поддршка на Министерството за внатрешни работи, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за одбрана, да обезбедува техничка опрема-рендген за пребарување/скенирање на потенцијални места за складирана муниција и минско-експлозивни средства и тим од Армијата на Република Северна Македонија, како поддршка на Министерството за внатрешни работи.

2) Се задолжуваат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи да го обноват Договорот за користење на услуги, технички и материјални средства и стручен персонал на Министерството за одбрана, бр.03-393/7 од 13.3.2019 година.

**4.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, ги информираше членовите на Владата дека:

- на 25 декември 2024 година, во 12 часот, во Собранието на Република Северна Македонија Претседателот на Република Северна Македонија ќе го има своето прво обраќање;

- на 26 декември 2024 година, во 10 часот, Собранието на Република Северна Македонија ќе одржи седница за поставување на пратенички прашања.

- на 10 јануари 2025 година, во 11 часот, Собранието на Република Северна Македонија ќе одржи седница за четири интерпелации.

**5.** Владата на предлог на проф. д-р Христијан Мицковски, претседател на Владата на Република Северна Македонија го задолжи Државниот пазарен инспекторат веднаш да направи инспекциски надзор во маркетите кои предложиле листа на производи за новогодишната кошничка и да ја провери состојбата на терен во однос на цените на прехранбените производи што најмногу ги користат граѓаните.

Истовремено, Државниот пазарен инспекторат да направи детална анализа за промената на цените на овие производи во изминатите 30 дена.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2023 година, со прилог, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за тековните предмети пред Европскиот суд за човекови права против Република Бугарија, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Програмата на развој на Обединетите нации (УНДП) и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со текст на Меморандум, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со испораката на водата за наводнување на водокорисникот М-Шест аграр ДООЕЛ Скопје и степенот на изградбата на цевководот до езеро Младост, со прилози, како материјал за информирање.

## Точка 66

Владата го разгледа Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 67

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати (период 27 јануари 2024 година-27 јули 2024 година), како материјал за информирање.

## Точка 68

Владата го разгледа Извештајот за реализацијата на Судскиот буџет за 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 69

Владата ја разгледа Анализата за проценка на економската и функционалната оправданост на реализација на проектите од Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21) и Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/23) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да преземат активности во насока на промена на намената на делот од средствата кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, а со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да побара согласност, согласно член 41-г од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, од ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден, како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S., како референтен оператор за промена на намената на делот од средствата кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

## Точка 70

Владата ја донесе Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2025 година(*).

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да достави Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела, а Секретаријатот за законодавство да достави мислење по истата.

Исто така, се задолжува Министерството за финансии во соработка со Царинската управа, во текот на јануари 2025 година до Владата да достави, предлог-одлука за менување или дополнување на Царинската тарифа и предлог-уредба за изменување или дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со Регулативите на Европската комисија, со соодветен тарифен број за распоредување на литиумски батерии.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Анекс бр.2 кон Спогодбата за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем, каде Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и заемодавачите: Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да склучат Анекс бр. 2 кон Спогодбата за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем, каде Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2025 година.

2. Се укажува на надлежните органи на Јавното претпријатие Национална радиодифузија, Скопје да склучат Анекс бр.2 кон Спогодбата за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучениот Договор за заем каде Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемот до 31.12.2025 година.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од овластување на потполковник Смилјан Јурдана, висок штабен офицер во воениот оддел при дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО и Европската Унија во Брисел, Кралство Белгија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу министерот за национална одбрана на Кралството Белгија, Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Република Франција, министерот за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Република Грција, Министерството за надворешни работи на Исланд, министерот за одбрана на Република Италија, Министерството за одбрана на Големото Војводство Луксембург, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, Министерството за одбрана на Република Португалија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на Република Туркије, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Министерството за одбрана на Република Полска, Министерството за одбрана на Република Естонија, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за одбрана на Република Литванија, Министерството за одбрана на Република Чешка, Министерството за одбрана на Република Словачка, Министерството за одбрана на Република Унгарија, Министерството за одбрана на Република Романија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Министерството за одбрана на Република Словенија, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Министерството за одбрана на Република Албанија, Министерството за одбрана на Република Црна Гора, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана на Владата на Австралија, Министерството за одбрана на Владата на Нов Зеланд, Министерството за одбрана на Република Швајцарија, Министерството за одбрана на Република Австрија, Министерството за одбрана на Република Финска, Министерството за одбрана на Кралството Шведска, Министерството за одбрана на Владата на Израел, Министерството за одбрана на Владата на Јапонија, Министерството за одбрана на Република Јужна Кореја и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, во врска со системот за глобално позиционирање (NAVSTARV), со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу министерот за национална одбрана на Кралството Белгија, Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Република Франција, министерот за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Република Грција, Министерството за надворешни работи на Исланд, министерот за одбрана на Република Италија, Министерството за одбрана на Големото Војводство Луксембург, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, Министерството за одбрана на Република Португалија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на

Република Туркије, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Министерството за одбрана на Република Полска, Министерството за одбрана на Република Естонија, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за одбрана на Република Литванија, Министерството за одбрана на Република Чешка, Министерството за одбрана на Република Словачка, Министерството за одбрана на Република Унгарија, Министерството за одбрана на Република Романија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Министерството за одбрана на Република Словенија, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Министерството за одбрана на Република Албанија, Министерството за одбрана на Република Црна Гора, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана на Владата на Австралија, Министерството за одбрана на Владата на Нов Зеланд, Министерството за одбрана на Република Швајцарија, Министерството за одбрана на Република Австрија, Министерството за одбрана на Република Финска, Министерството за одбрана на Кралството Шведска, Министерството за одбрана на Владата на Израел, Министерството за одбрана на Владата на Јапонија, Министерството за одбрана на Република Јужна Кореја и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, во врска со системот за глобално позиционирање (NAVSTARV).

2. Се овластува потполковник Смиљан Јурдана, висок штабен офицер во военият оддел при дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО и Европската Унија во Брисел, Кралство Белгија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу министерот за национална одбрана на Кралството Белгија, Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, министерот за одбрана на Република Франција, министерот за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Република Грција, Министерството за надворешни работи на Исланд, министерот за одбрана на Република Италија, Министерството за одбрана на Големото Војводство Луксембург, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, Министерството за одбрана на Република Португалија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на Република Туркије, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Министерството за одбрана на Република Полска, Министерството за одбрана на Република Естонија, Министерството за одбрана на Република Латвија, Министерството за одбрана на Република Литванија, Министерството за одбрана на Република Чешка, Министерството за одбрана на Република Словачка, Министерството за одбрана на Република Унгарија, Министерството за одбрана на Република Романија, Министерството за одбрана на Република Бугарија, Министерството за одбрана на Република Словенија, Министерството за одбрана на Република Хрватска, Министерството за одбрана на Република Албанија, Министерството за одбрана на Република Црна Гора, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана на Владата на Австралија, Министерството за одбрана на Владата на Нов Зеланд, Министерството за одбрана на Република Швајцарија, Министерството за одбрана на Република Австрија, Министерството за одбрана на Република Финска, Министерството за одбрана на Кралството

Шведска, Министерството за одбрана на Владата на Израел, Министерството за одбрана на Владата на Јапонија, Министерството за одбрана на Република Јужна Кореја и Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, во врска со системот за глобално позиционирање (NAVSTARV).

## Точка 73

Владата ја разгледа Предлог - програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2025 година и ја донесе Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2025 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 74

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање во закуп на недвижни ствари и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 75

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2024 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2024 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 76

Владата ја разгледа Одлуката за отпис на камата на должникот Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, по Барање за ослободување од законска казнена камата, со прилози и Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во врска со донесување на Одлуката за отпис на камата на должникот Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје по Барање за ослободување од законска казнена камата.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријат за законодавство дека од аспект на единствената примена на Законот за облигациони односи треба да се произнесе Министерството за правда, а од аспект на единствената примена на Законот за трговските друштва да се произнесе Министерството за економија и труд.

## Точка 77

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка да се усогласи со Министерството за финансии, а Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави мислење по истиот.

Согласно ова, доколку произлезат дополнителни измени во предложениот текст на Предлогот на закон, потребно е текстот на истиот повторно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија и труд.

## Точка 78

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година.

## Точка 79

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 80**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2023 година, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis)(*) и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај домашни комерцијални банки, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ја започне и спроведе постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на договор за заем со домашни комерцијални банки.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |

Подготвил: Христина Мишевска
Проверил: Катерина Јаневска
Контролирал: Jetmira Maliqi
Согласен: Зоран Брњарчевски